Буве/Благој
02/03/2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KESHILLI I INSPEKTORIATEVE
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: 02.03.2021

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност Vlera |
| --- | --- | --- | --- |
| 15 | 218/1 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Архивски број: 01-157/1
01.03.2021 година, Скопје

Архивски знак: 1508
______ 20 ___ год./viti
Потпис Nënshkrimi

**До:** Инспекциски совет

Ул.Даме Груев бр.3 блок 2 лок.5

1000, Скопје

**Предмет:** Доставување на програма

Почитувани,

Во прилог Ви доставуваме Програма за испит за лиценца за инспектор – практичен дел за 2020/21 година на Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Со почит,

**В.Д Директор**

Сенад Амети

Подготвил:Мила Крекиќ

Прилог:
- Програма



Државен инспекторат за локална самоуправа на Република Северна Македонија

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 49 влез 001, кат приземје, бр 000, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 325 6762
www.dils.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

# ПРОГРАМА ЗА ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР ПРАКТИЧЕН ДЕЛ ЗА 2020/21 ГОДИНА

Арх. Бр. 01-157/1

СЕНАД АМЕТИ

В.Д Директор, Државен инспекторат за локална самоуправа

Датум: 01.03.2021 година

Место: Скопје

(м.п.)

Изработил:

Рахим Муслиу-виш инспектор

Раководител на одделение

## ВОВЕД

Во согласност со член 43, став (5) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/2019), директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа, донесува Програма за испит за лиценца за инспектор – практичен дел за 2020 година, за следните видови на инспектори*: државни инспектори за локална самоуправа*

Практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор се полага врз основа на Програма за испит за лиценца – практичен дел, која пак е во согласност со Програмата за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор (*согласно член 42, став (6)*) и Правилник за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 238/2019).

Практичниот дел од испитот се полага во првата закажана испитна сесија, по завршување на девет месечната практична работа и обука на работно место, под надзор на ментор во инспекциската служба каде е вработен кандидатот за инспектор, избран преку постапка за вработување и кандидатот за инспектор вработен преку постапка за превземање на административен службеник.

Со практичниот дел од испитот се врши оценување на знаењата и вештините на кандидатите, стекнати за време на практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор, за прашања кои се опфатени со соодветните теми од 2- два модули за државни инспектори за локална самоуправа.

Програма за испит за лиценца – практичен дел, базата на прашања за испитот, како и релевантната литература потребна за подготовка на кандидатот за инспектор за полагање на испитот, се јавно достапни на веб страницата на Советот.

## МОДУЛИ И ТЕМИ ЗА ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР – ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

Програма за испит за лиценца – практичен дел, на Државниот инспекторат за локална самоуправа, кои се распределени на работните места по области на надзорот произлегува како потреба од надлежностите на делокругот на работа што се утврдени согласно одредбите на материјалните закони според кои постапуваат инспекторите во инспекциската служба и тоа:

01-1517/1

I - Државни инспектори за локална самоуправа:

*Модул 1 –Закон за локална самоуправа*

- Тема 1.1 – Начела и организација
- Тема 1.2 –Права, обврски и овластувања на инспекторите
- Тема 1.3 – Прекршочни одредби

*Модул 2 – Закон за државниот инспекторат за локална самоуправа*

- Тема 2.1 – Начела и организација
- Тема 2.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите
- Тема 2.3 – Прекршочни одредби